ЗАПИСНИК

од 62-ва седница на Советот на Општина Новаци одржана на ден 25.02.2025 год.
со почеток во 12:00 часот во просториите на општинската зграда во с. Новаци.

На седницата, од вкупно 9 (девет) советници, беа присутни сите членови на Советот на Општина Новаци: Славица Најдовска Стојковска - претседател, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Сузана Јовановска, Љупчо Петровски, Иванчо Котевски, Горан Велјановски, Александар Канзуровски и Наумче Смилевски.

На седницата беа присутни:Градоначалникот Стевановски, Николина Лозановска - советник.

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записник од 61-та седница на Совет на Општина Новаци;
2. Разгледување и усвојување на Годишен извештај за следењето на реализацијата на договорот за ЈПП за 2024 година;
3. Разгледување и усвојување на Листа на имиња за улици во населено место село Новаци, Општина Новаци;
4. Разгледување и усвојување на Извештајот за извршен попис со состојба на 31.12. 2024г.;
5. Разгледување и усвојување на измена и дополнување на Извештајот на Комисијата за попис на побарувањата, обврските и паричните средства во благајната на Општина Новаци за 2024 год.;
6. Разгледување на Иницијатива поднесена од Градоначалникот Стевановски, за финансиска награда на пожарникари од Општина Новаци ангажирани со МОС во ТППЕ – Битола;
7. Разгледување и донесување на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во Општина Новаци за 2025 год.;
8. Разгледување и донесување на Одлука за надоместок на патни трошоци на родители, жители на Општина Новаци,чии деца ги користат услугите на ОУРС„Кочо Рацин“ Битола;
9. Разгледување и донесување на Одлука за утврдување на цена за вода за пиење или водоснабдување за регулиран период 2025-2027 година;
10. Разгледување и усвојување на Финансиски извештај за работењето на МЈП „ПЕЛАЛИНК“ Битола за период од 01.10.2024 до 31.12.2024 година;
11. Разгледување и усвојување на Правилникот за возни линии, возен ред и вредност на билет за линиски превоз на патници;
12. Разгледување и усвојување на Годишни сметки за 2024 год. од ООУ „Славко Лумбарковски “- Новаци;
13. Разгледување на Барање од Црковниот одбор и жителите на МЗ од с. Градешница за набавка на градежен материјал на манастирот „Св. Илија“ и црквите: „Св. Атанасије“, „Св. Никола“, „Св. Ѓорѓија“ и „Св. Спас“ во с.Градешница;
14. Разгледување на Барање од Месна заедница на с.Новаци за набавка на градежен материјал за изработка на летниковец
15. Советнички прашања.

Дополнување: Барања за финансиска помош од физички лица по предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош:

16. Разгледување на Барање за доделување на еднократна парична помош на Звонко Богојевски од с. Новаци, лице со здравствени проблеми;

17. Разгледување на Барање за доделување на еднократна парична помош на Миле Николовски од с. Новаци, лице со здравствени проблеми;
18. Разгледување на Барање за доделување на еднократна парична помош на Лине Трајковска од с. Рапеш, за нејзината малолетна ќерка, Анабела Степановска, лице со здравствени проблеми;
19. Разгледување на Барање за доделување на еднократна парична помош на Биљана Митровска од с.Живојно, за нејзиниот син Илија, како лице со посебни потреби;
20. Разгледување на Барање за доделување на еднократна парична помош на Анита Митревска од с. Рапеш, како лице со посебни потреби;
21. Разгледување на Барање за доделување на еднократна парична помош на Оливер Митровски од с. Долно Агларци, како лице со здравствен проблем;
22. Разгледување на Барање за доделување на еднократна парична помош на Пранвера Ѓони од с. Добромири, како еднородителско семејство.

Пред да се разгледа Дневниот ред на 62-та седница на Советот на Општина Новаци, Претседателката на Советот Најдовска Стојковска, зеде збор и пред Советот на Општина Новаци предложи, Дневниот ред да се измени со тоа што нема да се разгледува точка бр.7, а истовремено ќе се дополни со 1 (една) точка, која треба да се разгледува на оваа седница:

1. Разгледување на Барање за прифаќање на донација од „СТЕНТОН ГРАДБА“ ДОО, Битола.

Советниците го разгледаа Дневниот ред со измената и дополнувањата, така што со **9 гласа за** го прифатија Дневниот ред на 62-та седница на Советот на Општина Новаци, кој со измената и дополнувањето е составен од 22 (десет и две) точки, со тоа што точката бр. 15 - Советнички прашања, преминува во точка бр.22.

1. точка Разгледување и усвојување на Записник од 61-та седница на Совет на Општина Новаци

По разгледувањето, Записникот од 61-та Седница беше ставен на гласање и усвоен со **9 гласа за.**

2. точка Разгледување и усвојување на Годишен извештај за следењето на реализацијата на договорот за ЈПП за 2024 година

Советот го разгледа Годишниот извештај при што се разви дискусија во која советниците дадоа забелешка дека времето помеѓу пријавувањето и сервисирањето на дефектите во уличното осветлување, треба да биде пократко т.е не секогаш се сервираат во период од 48 часа според забелешките на граѓаните.

Советот на Општина Новаци со **8 гласа за и 1 глас воздржан** донесе Одлука за усвојување на Годишен извештај за реализација на Договорот за ЈПП за 2024 г.

3. точка Разгледување и усвојување на Листа на имиња за улици во населено место село Новаци, Општина Новаци

Советниците ја разгледаа листата на имиња на улици во населено масто село Новаци, Општина Новаци, при тоа немаше никакви забелешки ниту нови предлози, така што со **9 гласа за** донесе Одлука за усвојување на Листа на имиња за улици во населеното место с. Новаци, Општина Новаци.

4. точка Разгледување и усвојување на Извештајот за извршен попис со состојба на 31.12. 2024г.

Советниците го разгледаа Извештајот и по кратката дискусија со **9 гласа за** донесоа Одлука за усвојување на Извештај за извршен годишен попис во Општина Новаци со состојба на 31.12.2024 г.

5. точка Разгледување и усвојување на измена и дополнување на Извештајот на Комисијата за попис на побарувањата, обврските и паричните средства во благајната на Општина Новаци за 2024г.

Советниците констатираа дека промената се однесува на салдото на наменската сметка со блок дотации, кои поради подоцна нивно доспевање не беа калкулирани во претходниот Извештај од Комисијата. По дискусијата Советот со **9 гласа за** донесе Одлука за усвојување на Извештај за измена и дополнување на Извештај за извршен попис на побарувањата, обврските и паричните средства во благајната на Општина Новаци за 2024 година

6. точка Разгледување на Иницијатива поднесена од Градоначалникот Стевановски, за финансиска награда на пожарникари од Општина Новаци ангажирани со МОС во ТППЕ – Битола

По однос на оваа точка, збор зеде градоначалникот Стевановски и пред Советот даде објаснување за неговата иницијатива со која смета, дека пожарникарите кои зедоа активно учество во гаснењето на пожарите кои ја зафатија Општина Новаци во летото 2024 год., треба да бидат наградени со финансиски средства во висина од 15.000,00 ден. Советот на Општина Новаци со **9 гласа за** донесе Одлука за усвојување на Иницијатива за доделување на финансиска награда на пожарникари од Општина Новаци ангажирани со Меѓуопштинска соработка во Територјалната противпожарна единица – Битола.

7. точка Разгледување и донесување на Одлука за надоместок на патни трошоци на родители, жители на Општина Новаци, чии деца ги користат услугите на ОУРС„Кочо Рацин“ Битола;

Советот, по кратката дискусија, **едногласно** донесе Одлука за надоместок на патни трошоци на родители, жители на Општина Новаци, чии деца ги користат услугите на ОУРС „Кочо Рацин“ Битола.

8. точка Разгледување и донесување на Одлука за утврдување на цена за вода за пиење или водоснабдување за регулиран период 2025-2027 година

Советот беше информиран дека минималната просечна тарифа за водната услуга - снабдувањето со вода за пиење за 2025 год. изнесува 32,50³ден./м³, за физички лица, а за наредните две години таа ќе се зголемува за 0,02 денари секоја година.

По дискусијата советниците со **9 гласа за** донесоа Одлука за давање согласност на Одлука за утврдување на цена за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈПКД „Комунална хигиена“- Новаци, за регулиран период 2025 - 2027 година.

9. точка Разгледување и усвојување на Финансиски извештај за работењето на МЈП „ПЕЛАЛИНК“ Битола за период од 01.10.2024 до 31.12.2024 година

Советниците го разгледаа Финансискиот извештај за четвртиот квартал на МЈП „ПЕЛАЛИНК“ Битола според кој претпријатието заклучно со 31.12.2024 год. на сопствената сметка има парични средства во износ од 2.344.337,00 ден. Советот по дискусијата со **6 гласа за и 3 гласа воздржани** донесе Одлука за усвојување на Финансиски извештај за работењето на МЈП„ПЕЛАЛИНК“ Битола за период од 01.10.2024 до 31.12.2024 година.

10. точка Разгледување и усвојување на Правилникот за возни линии, возен ред и вредност на билет за линиски превоз на патници

МЈП„ПЕЛАЛИНК“ Битола достави до Советот на Општина Новаци, Правилник за возни линии во општините Битола, Новаци и Могила како и вредност на чинење на превоз по километар. По разгледувањето и дискусијата Советот со **7 гласа за и 2 гласа воздрржани** донесе Одлука за усвојување на Правилник за возни линии, возен ред и вредност на билет за линиски превоз на патници на МЈП „ПЕЛАЛИНК“ Битола.

11. точка Разгледување и усвојување на Годишни сметки за 2024 год. од ООУ „Славко Лумбарковски "- Новаци

Советниците ги разгледаа Годишните сметки од ООУ „Славко Лумбарковски "- Новаци и по дискусијата со **9 гласа за** донесоа Одлука за усвојување на Годишна сметка на ООУ „Славко Лумбарковски" Новаци за 2024г.

12. точка Разгледување на Барање од Црковниот одбор и жителите на МЗ од с. Градешница за набавка на градежен материјал на манастирот „Св. Илија" и црквите: „Св. Атанасије", „Св. Никола", „Св. Ѓорѓија" и „Св. Спас" во с.Градешница

Советот го разгледа Барањето од жителите на с. Градешница, со кое бараат градежен материјал за реконструкција на верски објекти кои се наоѓаат во село Градешница, а кои се во незавидна состојба и е потребно нивно санирање. Претседателката на Советот им предложи на советниците од големата побарувачка на градежен материјал, на жителите на с. Градешница да им набави 60 кубици песок и 160 вреќи цемент. Овој предлог со **9 гласа за** беше усвоен така што се донесе Одлука за одобрување набавка на градежен материјал на црквениот одбор и жителите на с. Градешница.

13. точка Разгледување на Барање од Месна заедница на с.Новаци за набавка на градежен материјал за изработка на летниковец

Оваа точка се однесува на Барање од жители на с. Новаци кои сакаат да изградат летниковец на јавна површина, кој ќе го користат за состаноци и дружби, а за кое е потребно Општина Новаци да набави градежен материјал додека изработката на летниковецот ќе ја реализираат самите жители. Советот на Општина Новаци ја поздрави ваквата иницијатива и **едногласно** донесе Одлука за одобрување набавка на градежен материјал за изработка на летниковец во с. Новаци.

14. точка Разгледување на Барање за прифаќање на донација од „СТЕНТОН ГРАДБА" ДОО, Битола

„СТЕНТОН ГРАДБА" ДОО, Битола сака да донира 500 столчиња за фудбалскиот стадион во с. Новаци со што ќе се обезбеди поголем комфор и поголемо задоволство на посетителите на фудбалските натпревари. Советниците откако ги добија потребните информации **едногласно** донесоа Одлука за прифаќање на донација од „СТЕНТОН ГРАДБА" ДОО, Битола.

Дополнување: Барања за финансиска помош од физички лица по предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош:

15. точка Разгледување на Барање за доделување на еднократна парична помош на Звонко Богојевски од с. Новаци, лице со здравствени проблеми.

По предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош, советниците го разгледаа Барањето од Звонко Богојевски од с. Новаци, како лице со здравствени проблеми, така што со **9 гласа за** донесоа Одлука за доделување на еднократна парична помош на Звонко Богојевски од с. Новаци, во висина од 20.000 ден.

16. точка Разгледување на Барање за доделување на еднократна парична помош на Миле Николовски од с. Новаци, лице со здравствени проблеми.

По предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош, советниците го разгледаа Барањето од Миле Николовски од с. Новаци, како лице со здравствени проблеми, така што со **9 гласа за** донесоа Одлука за доделување на еднократна парична помош на Миле Николовски од с. Новаци, во висина од 20.000 ден.

17. точка Разгледување на Барање за доделување на еднократна парична помош на Лине Трајковска од с. Рапеш, за нејзината малолетна ќерка, Анабела Степановска, лице со здравствени проблеми

По предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош, советниците го разгледаа Барањето од Лине Трајковска од с. Рапеш, за нејзината малолетна ќерка, Анабела Степановска, лице со здравствени проблеми, така што со **9 гласа за** донесоа Одлука за доделување на еднократна парична помош на Лине Трајковска од с. Рапеш, во висина од 20.000 ден.

18. точка Разгледување на Барање за доделување на еднократна парична помош на Биљана Митровска од с.Живојно, за нејзиниот син Илија, како лице со посебни потреби

По предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош, советниците го разгледаа Барањето од Биљана Митровска од с. Живојно, за нејзиниот син Илија, како лице со посебни потреби така што со **9 гласа за** донесоа Одлука за доделување на еднократна парична помош на Биљана Митровска од с. Живојно, во висина од 20.000 ден.

19. точка Разгледување на Барање за доделување на еднократна парична помош на Анита Митревска од с. Рапеш, како лице со посебни потреби

По предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош, советниците го разгледаа Барањето од Анита Митревска од с. Рапеш, како лице со посебни потреби, така што со **9 гласа за** донесоа Одлука за доделување на еднократна парична помош на Анита Митревска од с. Рапеш, во висина од 20.000 ден.

20. точка Разгледување на Барање за доделување на еднократна парична помош на Оливер Митровски од с. Долно Агларци, како лице со здравствен проблем

По предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош, советниците го разгледаа Барањето од Оливер Митровски од с. Долно Агларци, како лице со здравствени проблеми, така што со **9 гласа за** донесоа Одлука за доделување на еднократна парична помош на Оливер Митровски од с. Долно Агларци, во висина од 20.000 ден.

21. точка Разгледување на Барање за доделување на еднократна парична помош на Пранвера Ѓони од с. Добромири, како еднородителско семејство.

По предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош, советниците го разгледаа Барањето од Пранвера Ѓони од с. Добромири, како еднородителско семејство, така што донесоа Одлука за доделување на еднократна парична помош на Пранвера Ѓони од с. Добромири, во висина од 20.000 ден.

22. точка Советнички прашања

Советот на Општина Новаци, немаше дополнителни советнички прашања со што 61-та седница на Советот на Општина Новаци заврши со работа.

Записничар: Н. Лозановска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска